29/2015

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Статутот на Законот за локалната самоуправа (Службен Весник на Република македонија бр.5/2002) и член 119 од Стаутот на општина Пробиштип (Службен Гласник на општина Пробиштип бр.4/2005 и 26/2014), Советот Општина Пробиштип, на предлог на Градоначалникот на општина Пробиштип, на седницата одржана на 27.02.2015 година, донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
за измување и дополнување на Статутот на општина Пробиштип

**Член 1**

Во Статутот на Општина Пробиштип во Глава IV Облици на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на општината точкат д)Јавни трибини, анкети и предлози се менува и гласи:

„Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата“

**Член 2**

По член 82 се додава нов член 82-а кој гласи:

Градоначалникот и Советот на Општина Пробиштип по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во Општина Пробиштип, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на Општината.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на Општината, кој врз основа на стратешките документи и цели за развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.

Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот.“

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Пробиштип.

***Број 26-305/5***
***27.02.2015 година***
***ПРОБИШТИП***

***СОВЕТ НА ОПШТИНА ПРОБИШТИП***
***ПРЕТСЕДАТЕЛ***
***Ранко Давитков***